ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 12-603/2
15.06.2020 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 65 став (3) и став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14,44/15,129/15,192/15,39/16,28/18,65/18,99/18),Градоначалникот на Општина Кратово на ден 15.06.2020 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација(ЛУПД)за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-фотоволтаична централа со капацитет до 1mw на к.п.1038 и дел од к.п.бр.1037 во м.в.каравилјов чукар влашке ниве,КО Коњух,општина Кратово кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 став 3 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кратово: www.opstinakratovo.gov.mk.

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата,содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изработка на Локална урбанистичка планска документација(ЛУПД) нема да има влијание врз животната средина од следните причини: плански документ со кој се одредува користење на мали области од локално значење со што при реализација на предвидената класа на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.
15.06.2020
Кратово

Изработил
Цане Анчов

Градоначалник
Д-р Љупчо Бојаџиев